„Ако куче пие од нечиј сад, нека го измие седумпати.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Ако куче пие од нечиј сад, нека го измие седумпати.“ Во верзијата на Муслим се додава: „Првиот пат со земја.“

[متفق عليه] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, наредил садот да се измие седумпати ако куче го допре со јазикот. Првиот пат треба да се мие со земја, а потоа со вода, за темелно да се отстрани неговата нечистотија и штетност.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3143